З. Г. "ДОВЕРБА" Куманово
ЗА ПОХУМАН И ПОЗДРАВ ЖИВОТ

Ekumenska inicijativa žena

"Креативно решавање на судири"



Креативен процес во функција на решавање на судири во класот

„Креативност е кога бараш игла во сено, и кога ќе ја најдеш продолжуваш да бараш и понатаму“(Анштајн)

Програмата “Креативно решавање на судири во училница” е во рамки на проектот: “Креативно решавање на судири” кој Здружението “Доверба” Куманово го реализира во период од 01.02. до 15.11.2024г.
16 Наставници и членови на стручната служба од: ОСТУ “Наце Буѓони”, СОУ Гимназија” Гоце Делчев”, СОУ “Перо Наков” ДСОУ-РЦСОО ”Киро Бурназ” Куманово и од Осијек се запознаа со сет на креативни техники и методи со кои ќе можат поуспешно да постигнат поголема мотивација и ќе разбудат поголем интерес кај учениците, затоа што прифаќањето на креативниот израз предизвикува почитување и доверба помеѓу самите ученици и помеѓу наставниците и учениците. Со користење на креативниот процес во работа со учениците им помагаме да доживеат самопочитување и самопотврдување, а со тоа ќе постигнеме учениците да станат поотпорни на фрустрации и помалку склони на деструктивно и агресивно однесување.
Процесот на учење по пат на доживување овозможува сознанијата да се интегрираат во личноста на ученикот. Низ креативните работилници за решавање на судири, се превенира насилството преку градење на отпорност и вреднување на емоции. Со негувачки и осетлив фокус кај учениците ќе се поттикне и негува соочување со промени, изнаоѓање на начини за самореализација, создавање на чувство на поврзаност со другите, самодоверба, благодарност, емпатија и оптимизам**.**

1.Природа на креативноста


Креативноста е сложена појава која е проучувана од различни аспекти на сфаќање со акцент на повеќе суштински елементи што ја одредува комплексноста на нејзината природа.
Поимот креативност најчесто се проучува од аспект на:
-процесот низ кој се остварува,
-како особина на личноста,


-врз основа на продуктот кој се создава земајќи ги во предвид условите во кои се одвива креативниот процес.
Дел од теоретичарите креативноста ја третираат како творечко мислење и ја определуваат преку фазите на решавање проблеми.
Според некои креативниот процес може да се претстави преку модел на спирала кој се реализира низ 7 фази: желба, препарација, манипулација, инкубација, насетување, илуминација и проверување.
Според други мислители креативноста е манифестација на целокупната личност која покрај когнитивните ги опфаќа и конативните и емотивните особини на личноста.


Креативните луѓе ги карактеризира дивергентно мислење. Тоа е она мислење со кое се создаваат идеи во повеќе насоки, нетипични и неочекувани. Вредноста на дивергентната продукција се проценува врз основа на присуство на следните фактори или димензии на креативниот процес: (Илина Тодорова, 1994)


Оригиналност - способност да се произведе нешто необично, ново, неповторливо или духовито, или да се пронајдат асоцијативни врски помеѓу предмети и појави кои на прв поглед немаат ништо заедничко, соодветно на определени услови. Пример на работилници за развивање на оригиналност:
Мрзливиот сликар: Еден уметник започнал да слика но го оставил платното недовршено. Истото го направил со уште три платна. Замисли дека ти треба да ги завршиш сите 4 слики, па реши што ќе насликаш на секоја од нив. Обиди се твојот цртеж да биде различен од другите во групата. На крајот изложете ги своите цртежи на определеното место на ѕидот. Ако некој не сака да го изложи својот цртеж треба да образложи/да стане свесен како се спречува да го стори тоа.

Работен лист „Мрзливиот сликар”









Изработка на лично ковчеже - од постоечкиот материјал секој да изработи свое лично ковчеже во кое ќе можете да го ставите се она што е значајно за вас (зборови, чувства, желби и сл). Дизајнирајте го однадвор и одвнатре, ставете на него свое лично обележје, посебно внимание посветете на механизмот на отварање и затварање, употребете што пооригинални и што поневообичаени решенија, смислете ситуации во кои механизамот никако не може да се отвори,


користете ја својата фантазија. Материјали: картон, дрво, тапети, кожа, акварел хартија, колаж хартија, текстил, врвки, траки, канап, јаже, волница, фломастери, школки, копчиња, монистри и сл.

Давање наслов на приказна -Дадете наслов на следната приказна: „Еден човек имал жена која не можела да зборува. Тој пронашол лекар кој и ја повратил моќта на говор. Потоа во куќата немало мир затоа што жената зборувала без престанок. Човекот решил да го реши проблемот барајќи да го оперираат за да оглуви“ - флуентност или продукција на оригинални идеи за определен рок од 10 минути. Идеите се запишуваат на флип чарт.

Флуентност - претставува квантитативен аспект на креативноста и се однесува на создавање на што поголем број на идеи, зборови, асоцијации и сл. во врска со некој конкретен проблем или воопшто ситуација кои можат да се продуцираат во определен временски период. Примери за примена се следните работилници:





Метаморфоза - Материјали: работни листови со предлошки, фломастери, моливи - со додавање на што е можно помал број на едноставни елементи на предлошката со круг направи голем број различни предмети што постојат во реалноста - со користење на двете едноставни линии (една права и една крива линија) направи што е можно поголем број на комбинации.

Работен лист: Метаморфоза



Различни решенија - Изнајди 10 различни начини како квадратот може да се подели на 4 идентични делови. Материјал: работен лист, фломастери. Цел: Да се развие флуентност на различни релации или можности.

Работен лист: Различни решенија

Флексибилност - се согледува во можноста лесно да се напуштаат испробаните, стереотипни и ригидни начини на мислење и да се бараат нови насоки зависно од потребите и промените на ситуацијата. Пример за работилници со кои може да се развива кај поединецот се:

Различни употреби - Цел: да се развива спонтана продукција на што повеќе идеи. Дајте што повеќе идеи за што се може да се употреби пластично шише, дрвено буре, врвка од чевел, стаклена тегла, чадор, отварач за шишиња и слично? Идеите запишете ги на лист хартија.

Адаптивна флексибилност - од 17 кибритчиња кои формираат 6 квадрати. Со одстранување на 3 чкорчиња направи 4 квадрати - од 17 кибритчиња кои формираат 6 квадрати. Со отстранување на 4 чкорчиња направи 3 квадрати - од 24 кибритчиња кои формираат 9 квадрати,

извади 4 за да останат 7 квадрати - од 22 кибритчиња кои формираат 8 квадрати, извади 4 кибритчиња. Секое кибритче кое ќе остане мора да биде дел од некој квадрат - од 12 кибритчиња кои формираат 4 квадрати извади 4 кибритчиња, може да остане кој било број на квадрати, но секое кибритче што ќе остане мора да биде дел од некој квадрат. Материјал: кутија кибритчиња. Цели: Ослободување од инерција во мислењето, напуштање на старите идеи и асоцијации и откривање нови.

Креативна генерализација - поврзување на различни елементи опфаќа воопштување и синтеза на информации во една нова хармонична целина со нов квалитет, преку поврзување на оддалечени и спротивни факти кои пред тоа не биле поврзани.

Осетливост за проблеми - способност да се согледаат недостатоците или потребите за промена на тоа што веќе постои или да се забележат проблемите кај вообичаени предмети, а се базира на развиена перцептивна сензитивност.

Елаборација - способност за разработка на една идеја со давање на детални описи при развивањето на некој оригинален труд. Пример за работилници за работа за развивање на истата:

Чоколадна куќа - Замисли дека се наоѓаш во шума. После долго шетање во шумата пред тебе се појавува прекрасна чоколадна куќа. Размислуваш дали да останеш да живееш во неа. Земи ги во предвид и недостатоците што ги носи живеењето во чоколадна куќа за да ја донесеш својата одлука. На работниот лист напиши колку што можеш повеќе недостатоци кои ти се јавуваат при размислувањето да живееш во таа прекрасна куќичка. Не сте ограничени во бројот на продуцирани идеи можете да напишете повеќе или помалку од понудениот простор на работниот лист. Напишете ги на еден лист сите идеи кои произлегуваат од зададената ситуација и имаат смисла. Сега ќе се поделиме во групи и секоја група нека избере една идеја и нека ја разработи. Разработените идеи ќе ги укоричиме во книга со наслов „Чоколадна куќа“. Секој од вас може да ги прочита и дополни идеите.

Цели: Да се развива осетливост на проблеми и елаборација, да се развива способност за фантазирање. Материјали: работен лист, фломастери, хартија, картон за корици за книгата „Чоколадна Куќа“



Работилница: Снаоѓање во неволја. Слушајте ја внимателно следната приказна: Ова е приказна за еден човек, Митко, кој треба да го поднесе на работа својот проект. Проектот го подготвувал заедно со неговиот колега Бојан кој е вработен во друга организација. Проектот го работеле во домот на Бојан. Рокот за предавање на проектот завршува наредниот ден. Бојан по завршување на заедничката работа, истиот ден заминува на службен пат. Утредента кога Митко се подготвувал за на работа, сфатил дека проектот го заборавил кај Бојан. Митко се нашол пред проблем бидејќи знаел дека во домот на Бојан нема никој. Значи: неговиот проект останал заклучен кај Бојан; кај Бојан нема никој; проектот мора да се предаде на време! Поделете се во 3-4 групи. Како да му се помогне на Митко? Секоја група нека смисли продолжение на приказната кое ќе биде решение за проблемот. Што би било најдобро да направи Митко? Еден член од групата го кажува решението на групата (во зависност од времето може де се драматизира).

Специфична разлика на човекот е неговиот порив за создавање и

творештво. Преку творештвото човекот ја изразува својата креативност. Денеска се повеќе созрева свеста дека творештвото претставува основна генеричка одлика на човекот, а не привилегија на мал број луѓе. Г. Марфи смета дека желбата за творење е универзална и дека секој човек има во извесна мера оригиналност и способност за создавање. Поради тоа развивањето на креативноста треба да претставува една од основните задачи на современиот воспитно-образовен систем бидејќи многубројни сознанија од педагошко психолошки истражувања покажале дека креативниот потенцијал на човекот може да се стимулира и развива. Според експертите креативноста се учи преку практика (Amabile, 2011).

Според теоријата на Флавел, децата имаат потреба да го разберат однесувањето на луѓето, нивните желби, верувања и перцепции. Бандура во својата теорија на социјално учење открива дека моделите се важен извор за учење на нови однесувања и прифаќање на нови ситуации. се многу мотивирани да истражуваат и да бидат компетентни во функционирањето на нивните средини со имитирање на модели или улоги (родители, наставници) од нивното опкружување кои што ги сметаат за компететни и авторитативни.

Фактори кои влијаат врз процесот на набљудувачко учење: внимание, содржина, репродуктивна моторика и мотивација.

За работа во училиштето значајно е да се обезбеди клима, атмосфера во која кај младите се негуваат и поддржуваат спонтаност, љубопитност, слобода за манифестирање на различни креативни потенцијали, поддршка во трагањето за поинаков правец и различни нови приоди во барањето на решенија. На младите мора да им се даде можност да изразат такви интелектуални вештини какви што се: алтруизам, емпатија, човечко разбирање, да развиваат самопочитување и способност да сакаат, да се оспособат да планираат однапред и да предвидуваат консеквенци на своите одлуки и акции (Кнежевиќ- Флорич О., 2006).

Според Јовановска и Петрова 2004, креативна настава придонесува за поцелосен развој на учениковата личност но бара исполнување на одредени претпоставки: слобода за индивидуално изразување содржински разновидна едукација, храброст, интегритет и сочувствување на наставникот, акцент на човекови односи, единствено однесување и разновидност на улоги. Токму, креативноста во решавање на конфликти тргнува од овие претпоставки и им дава на учениците целосна слобода на изразување, давање на идеи во квантитет од кои потоа се селектираат идеите кои квалитативно одговараат за рашавање на конфликти.

2.Што е креативно решавање проблеми?

Како што името имплицира, креативното решавање проблеми е процес на создавање уникатни и иновативни решенија за проблеми или предизвици. Потребно е да се смислат идеи надвор од рамката; наместо традиционалниот начин на вршење на работите. Тоа вклучува комбинација на поинакво размислување, откривање на она што е најдобро, гледање на работите од различни агли и искористување на нови можности или генерирање идеи.

3.Психолошки перспективи за конфликт

Конфликтите се природен и чест елемент во секојдневните интеракции на луѓето, и тие настануваат кога две или повеќе страни имаат различни интереси, цели или вредности. Психолозите, педагозите и теоретичарите за управување со конфликти често ги дефинираат конфликтите како динамични процеси кои се карактеризираат со зголемена тензија и антагонизам. Во рамките на психологијата, постојат неколку пристапи за анализирање на конфликтите:

Психоаналитичка перспектива – Психоанализата, првично развиена од Сигмунд Фројд, смета дека конфликтите произлегуваат од внатрешни несвесни сили и потиснати емоции. Според овој пристап, емоционалниот товар што го носат учениците може да се проектира на надворешните ситуации, создавајќи конфликти со врсниците. Иако не е

секогаш практично применлив во училишна средина, овој пристап сугерира дека наставниците треба да бидат свесни за емотивните состојби на учениците и можеби да ги поттикнат да ги изразат своите чувства.

Когнитивна перспектива – Овој пристап се фокусира на начинот на кој луѓето размислуваат и ги перцепираат конфликтите. Когнитивната теорија за конфликт вели дека ученикот може да реагира конфликтно поради начинот на кој ја перцепира ситуацијата, дури и ако таа не е објективно опасна. На пример, конфликт може да настане ако еден ученик чувствува дека друг го прегазува или доминира, иако реално тоа не е случај. Ова покажува колку е важно да се разбере мисловниот процес на учениците, со цел да им се помогне да ги менуваат своите мисли и реакции кон конфликтни ситуации.

Бихејвиористичка перспектива – Според бихејвиоризмот, конфликтите се научени реакции на одредени стимули во околината. Од оваа гледна точка, конфликтите се создаваат и одржуваат преку повторливи однесувања кои резултираат во одредени последици (награди или казни). Во училишната средина, на пример, учениците можат да се однесуваат конфликтно ако тоа поведение им носи внимание или признание од врсниците. Со користење на бихејвиористички техники, наставниците можат да го модифицираат однесувањето на учениците преку наградување на соработката и игнорирање на конфронтациите.

4.Видови на конфликти во училишната средина

Во училиштата, конфликтите најчесто се поделени на:

Интраперсонални конфликти – Овие конфликти се случуваат внатре во поединецот. Учениците можат да имаат внатрешни несогласувања или конфузии кои се одразуваат на нивното однесување. На пример, ученикот може да чувствува несигурност или анксиозност која ќе се манифестира како гнев или фрустрација во одредени ситуации.

Интерперсонални конфликти – Најчестиот вид на конфликти во училиштата се меѓу поединци. Овие конфликти може да бидат

предизвикани од недоразбирања, разлики во мислењето или дури и од натпревар за статус и популарност. Овие конфликти можат да варираат од мали несогласувања до поголеми конфронтации, и често бараат медијација од наставник.

Групни конфликти – Се појавуваат кога различни групи на ученици имаат спротивставени интереси или цели. Пример за ова би биле ситуациите каде една група сака да спроведе своја идеја за групен проект, додека другата група има сосема поинаков план. Овие конфликти се многу важни за развој на вештини за групна работа и колаборација.

5.Концепти и модели за решавање на конфликти

Модел на преговарање и соработка

Еден од најефективните модели за решавање на конфликти е соработката. Наместо едноставно да се натпреваруваат или да се избегнуваат, учениците може да се поттикнат на соработка, при што се слушаат и се уважуваат перспективите на сите. Преговарањето, како дел од овој процес, е суштински аспект од креативното решавање на конфликти. Наставникот може да ги насочи учениците да најдат заедничка основа и да создадат взаемно корисни решенија.

Медијација и ротациско лидерство

Медијацијата е процес каде трета страна помага во решавање на конфликтот. Во училишна средина, наставникот или друг ученик може да служи како медијатор, поттикнувајќи ги страните во конфликтот да разговараат и да разберат една со друга. Ротациското лидерство, пак, е ефикасна техника во тимска работа, каде секој член на тимот има можност да биде лидер во одреден дел од проектот, што ја намалува натпреварувачката тензија и промовира соработка.

6.Важноста на емотивната интелигенција во управувањето со конфликти

Емоционална интелигенција се однесува на способноста да ги

разбераме, контролираме и искажуваме нашите емоции на конструктивен начин. Во контекст на управување со конфликти, високото ниво на емоционална интелигенција помага на учениците да останат смирени во тешки ситуации, да покажат емпатија кон другите и да го контролираат сопствениот одговор на провокации. Наставниците можат да поттикнат развој на емоционална интелигенција кај учениците преку:
Самосвест – Развивање на способноста за препознавање на сопствените емоции и како тие влијаат врз однесувањето.
Саморегулација – Учење на стратегии за контрола на негативни емоции како гнев и анксиозност.
Емпатија – Поттикнување на разбирање на чувствата и гледиштата на другите, што го олеснува прифаќањето на различни перспективи и намалува конфликтот.
Развивањето на емоционалната интелигенција во училишна средина не само што помага во намалување на конфликтите, туку и ги подготвува учениците за идни лични и професионални предизвици.

7.Теорија на трансформативен конфликт

Трансформативната теорија на конфликт е модел кој претпоставува дека целта на решавањето на конфликт не е само надминување на конфликтот, туку и трансформација на односите меѓу страните. Овој пристап е особено важен во училишен контекст, каде конфликтите не само што треба да се решат, туку и да доведат до подобра комуникација и поголема соработка. Трансформативниот пристап поттикнува учениците да се стават во позиција на другата страна, да се насочат кон емпатија и да развијат нови форми на разбирање.

Сте се запрашале ли?

Дали сте се запрашале како може еден обичен конфликт во училницата да се претвори во можност за учење и личен развој? Креативните методи за решавање на конфликти не само што ги решаваат проблемите, туку ги трансформираат учениците во креативни мислители и соработници.

8.Креативни стратегии за решавање на конфликти

Совети и стратегии за наставниците

Наставниците играат клучна улога во креативното решавање на конфликти. Тие можат да создадат средина каде што учениците не се плашат да изразат различни мислења и да најдат начини за заедничко решавање на предизвиците. Еве неколку креативни стратегии кои можат да се користат за успешно решавање на конфликти:

1.*Техники на игра на улоги* – Играта на улоги им овозможува на учениците да влезат во улогата на различни страни во конфликтот, што им помага и да го разберат проблемот од различни перспективи. Оваа техника не само што ги решава тековните конфликти, туку и ги учи учениците како да размислуваат како медијатори и да пронајдат решенија кои се корисни за сите страни. Во овие вежби, учениците ја играат улогата на различни страни во конфликтот, што им помага да да ја развијат својата емпатија ги разберат различните перспективи и чувства на другите и подобрување на комуникациските вештини. Со тоа, се намалува антагонизмот и се создава поголема подготвеност за разбирање и соработка.

2*. Бура на идеи* – Оваа техника поттикнува отворена размена на идеи и предлози. Наставникот може да постави сценарио за конфликт и да ги замоли учениците да предложат што е можно повеќе решенија на даден проблем, без страв дека ќе бидат оценети или критикувани за своите идеи. Ова помага да се отвори простор за различни мислења и да се развијат оригинални идеи кои може да се применат во решавањето на проблемите.

Ова го развива нивниот креативен потенцијал и им помага да ја научат вредноста на тимската работа.

3. *Користење на визуелна уметност и изразување* – Учениците може да се поттикнат да ги искажат своите чувства и идеи за конфликтот преку уметничко изразување. Со користење на различни уметнички форми (цртање, колажи, музика), кои го отсликуваат нивното разбирање на конфликтот и можните решенија. Учениците можат да создадат свои

визии за решавање на конфликти и да ги споделат со останатите.
Оваа техника е особено корисна за учениците кои имаат тешкотии да се изразат вербално.
4. *Импровизација*
Импровизацијата поттикнува брзо размислување и ја зајакнува самодовербата на учениците. Наставникот може да даде сценарио на учениците и да ги охрабри да импровизираат брзо решение на конфликтот. Оваа вежба ја развива способноста за брзо донесување одлуки и флексибилно размислување.

Препораки

За успешно креативно решавање на конфликти, важно е да се имаат предвид неколку принципи:
Активно слушање – Учениците треба да научат да ги слушаат мислењата на другите, дури и ако не се согласуваат со нив. Активното слушање помага да се разбере вистинскиот корен на конфликтот.
Отвореност кон различни идеи – За креативното решавање на конфликти, потребна е флексибилност и отвореност кон различни пристапи и решенија.
Поддршка на различностите – Конфликтите често произлегуваат од различности. Учениците треба да научат да ги ценат различните перспективи како извор на богатство, а не на проблем.
Критичко размислување – Учениците треба да бидат поттикнати да размислуваат критички и да анализираат различни опции пред да дојдат до финално решение.

9.Реални примери од училиште

Пример 1: Конфликт околу лидерство во тимска работа
Ситуација: Во училишна група за проект по историја, две ученици, Ана и Марија, покажуваат амбиција да бидат лидери на тимот. Ана смета дека има искуство кое ја прави најсоодветна за улогата, додека Марија тврди дека нејзините организациски вештини ја прават најдобра за улогата на лидер. Секој разговор околу проектот се претвора во натпревар, што создава непријатна атмосфера во тимот, а членовите почнуваат да се

чувствуваат запоставени.

Решение: Наставникот предлага „ротациско лидерство“, каде секој член на тимот има можност да биде лидер на одреден дел од проектот. Овој пристап им помага на Ана и Марија да увидат дека нивните силни страни можат да се комбинираат, наместо да се натпреваруваат. Со ротациите, учениците стекнуваат различни вештини и гледишта, а тимот завршува со висококвалитетен проект кој ги рефлектира способностите на сите.

Пример 2: Конфликт за ресурси (компјутери, материјали)

Ситуација: Во компјутерската лабораторија, Петар и Симон имаат судир за пристап до компјутерот за нивниот проект. Петар смета дека треба да го користи компјутерот бидејќи има повеќе материјали за обработка, додека Симон инсистира дека е на ред бидејќи претходно немал пристап. Спорот ги одвлекува вниманието на сите во лабораторијата и предизвикува фрустрации.

Решение: Наставникот предлага распоред за користење на компјутерите и поттикнува Петар и Симон да соработуваат. Тие договараат дека ќе ги поделат задачите така што додека еден ученик работи на компјутер, другиот ќе ги подготвува потребните материјали. Оваа поделба на задачите им помага да останат фокусирани и продуктивни и им овозможува да го искористат времето ефикасно, учејќи ја важноста на соработката и планирањето.

Пример 3: Конфликт во спортска игра

Ситуација: За време на часот по физичко образование, Марко и Давид започнуваат расправија околу одлуката за фаул во кошаркарскиот натпревар. Марко смета дека судењето не било фер и дека фаулот не бил направен, додека Давид тврди дека одлуката е правилна и одбива да го преиспита судот. Оваа расправија ја загрозува пријателската атмосфера и почнува да ги дели учениците на различни страни.

Решение: Наставникот им предлага на Марко и Давид да се вклучат во процес на медијација, каде што заедно ќе дискутираат за настанатата ситуација со цел да дојдат до заедничка одлука. Тие одлучуваат да изберат трета страна која ќе служи како судија за одлуката, и на овој

начин успеваат да ја прекинат расправијата. На крај, учениците увидуваат дека соработката и комуникацијата можат да помогнат во решавањето на проблеми, а наставникот ги поттикнува да применат слични стратегии и во иднина.

Креативното решавање на конфликти е многу повеќе од обичен пристап за справување со несогласувањата. Тоа е можност за учениците да учат за себе и за другите, да развијат критичко размислување, емпатија и иновација. Наставниците играат клучна улога во поттикнувањето на оваа креативност, но што мислите вие? Дали сте подготвени да внесете креативни стратегии во вашата училница?

Сте се запрашале ли?

Како би изгледала училница каде секој конфликт се решава преку креативни игри и активности?

Колку различни решенија може да произлезат од еден обичен конфликт?



Проектот: ,,Креативно решавање на проблеми" е поддржан од страна на "Екуменска иницијатива жена" - Хрватска и се реализира во период од 01.08.2024-15.11.2024 година.





„Објавувањето на оваа публикација беше поддржано од *Ekumenska inicijativa žena (EIŽ)* од Омиш, Хрватска. Содржината на публикацијата ги одразува исклучиво ставовите на нивните автори и не мора да ги претставува официјалните ставови на EIŽ."

„Ekumenska inicijativa žena (EIŽ) Hrvatska е непрофитна организација која преку својата програма за финансиска поддршка поддржува проекти и развој на базични организации управувани од жени и теолози во Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија. EIŽ е посветена на зајакнување на улогата на жените во зајакнувањето на граѓанскиот и меѓурелигискиот дијалог и потенцијалот на религијата како позитивен фактор на општествени промени преку градење на мир и помирување. Имајќи го предвид својот регионален профил, EIŽ им дава можност на активистите од својата мрежа да се сретнат и разменат искуства со цел поголема видливост на нивната работа и поголеми можности за пристап до ресурси.*"*